**Димитар Богов**

# “Холандска болест” од балкански вируси

Корените на поимот “Холандска болест” потекнуваат од 1959 година кога во регионот Гронинген во Холандија беа откриени големи наоѓалишта на природен гас. Појавата на тој богат природен ресурс му даде силен поттик на Холандскиот извоз, истовремено редуцирајќи го увозот на енергија. Резултатот од тоа беше апресијација на холандскиот гулден и пораст на платите во домашната економија кои предизвикаа процес на деиндустријализација во наредните десет години следен со пад на корпоративните инвестиции, намалување на вработеноста и опаѓање на корпоративните профити. Оттогаш, терминот “Холандска болест” се користи за секоја ситуација кога краткорочната економска среќа на некоја земја на крајот резултира со долгорочен уништувачки ефект врз економијата. Подоцна, “Холандската болест” е дијагностицирана во многу земји во развој кои започнале експлоатација на некој богат природен ресурс.

Синдромот на “Холандска болест” двапати ја погоди македонската економија во последните десет години. Но, бидејќи во Македонија не беа откриени богати природни ресурси во овој период, се поставува прашањето кои беа причинителите на “Холандската болест”. Првото појавување на болеста дојде како резултат на трговското ембарго на ООН кон Сојузна Република Југославија воведено во 1992 година и подигнато пред крајот на 1995 година. Ембаргото не им дозволуваше трговија на земјите членки на ООН со СРЈ, освен за некои основни медицински производи. Сепак, сите земји соседи на СРЈ вршеа трговско посредување помеѓу СРЈ и остатокот на светот. Ембаргото беше особено тешко за Македонија поради комплементарните индустрии на двете земји и високо развиените деловни врски помеѓу претпријатијата. Во тоа време, СРЈ беше прв трговски партнер на Македонија и заедно со затворените граници на јужниот сосед, доследното почитување на ембаргото на ООН би имало разурнувачки ефекти по македонската економија. Поради тоа, меѓународната заедница молчешкум толерираше ограничена трговија помеѓу Македонија и СРЈ наспроти ембаргото.

На почетокот, се одржуваше само трговијата меѓу комплементарните индустрии во двете земји. Меѓутоа, како што времето одминуваше, некои менаџери и претприемачи блиски на владата беа “охрабрени” да влезат во бизнисот на посредување во трговијата помеѓу СРЈ и остатокот на светот. Иако, официјалната статистика заради повисоки државни интереси не ги регистрираше недозволените трговски трансакции со СРЈ, некои посредни информации откриваат што всушност се случуваше. Во официјалните податоци за надворешната трговија во тој период се сретнуваат некои производи кои никогаш пред и по ембаргото не беа присутни во македонскиот извоз и увоз. Најкарактеристичен пример е рафинираниот бакар кој во 1994 и 1995 година беше еден од најголемите македонски извозни производи, меѓутоа во увозот тој воопшто не фигурираше, а

Македонија не го произведува. Понатаму, во 1994 и 1995 година македонскиот извоз во Бугарија изнесуваше помеѓу 20 и 30 милиони САД $ месечно, а во јануари 1996 година тој одеднаш се намали за 90% и го задржа тоа ниво до денес. Нешто слично се случи и со увозот од Бугарија кој во јануари 1996 година се преполови и потоа го задржа намаленото ниво. Иако, оваа појава е највпечатлива во размената со Бугарија, таа може да се забележи и во размената со Турција, Украина и Русија но со помали износи. Сето ова, е индикатор дека извозот на СРЈ кон трети земји беше прикажан како македонски извоз, а увозот на СРЈ од трети земји беше вклучен во податоците за македонскиот увоз. Логички, македонските компании ангажирани во посредувањето наплатуваа значителни посреднички провизии. На тој начин, посредувањето ја имаше улогата на природен ресурс кој генерираше висок прилив на девизи.

На краток рок, "Холандската болест" делуваше како анестетик врз македонската економија. Дефицитот во тековната сметка на платниот биланс беше скоро 0, курсот на денарот реално апресираше за 30%, а сето тоа помогна за две години хиперинфлацијата да се редуцира до едноцифрено ниво. Болките од колапсот на економијата, растот на невработеноста и зголемувањето на загубите во индустријата беа намалени од наркотичното дејство на шпекулативните девизни приливи, а власта можеше непречено да се посвети на подобрувањето на својот животен стандард. Веднаш по исчезнувањето на "Холандската болест" дефицитот во тековната сметка експлодираше, а девизните резерви започнаа да се празнат, неминовно водејќи кон девалвацијата на денарот во јули 1997 година.

Второто појавување на "Холандска болест" беше предизвикано од големиот "светски медиумски настан", Косовската криза. Без намера да се минимизираат реалните страдања на населението во Косово и во целата СРЈ, Косовската криза беше следена со многу придружни активности кои за македонската економија имаа ефекти на голем медиумски настан од типот на Олимписки игри или Светско првенство во фудбал. Иако, војната траеше од март до јуни, целиот "настан" со подготовките, воздушниот удар и пост-военото инволвирање на меѓународната заедница имаше силно влијание врз македонската економија од почетокот на 1999 до крајот на 2000 година.

"Настанот" кој се случуваше во македонското соседство привлече голем број НАТО војници, хуманитарци, бегалци, новинари и луѓе од светскиот џет-сет кои ја користеа Македонија како база за своите активности. Високиот пораст на нерезидентната потрошувачка и странските донации (11% од БДП во 1999 и 15% од БДП во 2000 година) имаа дотогаш незабележан позитивен ефект врз Платниот биланс, редуцирајќи го дефицитот во тековната сметка и кревајќи ги девизните резерви до дотогаш незапамтени вредности. Услужниот сектор доживеа вистински бум генерирајќи економски раст од 4.3% во две последователни години што не беше забележано во последните 15 години. Тоа предизвика еуфорија кај новата власт која помисли дека има

волшебна моќ преку ноќ да ја претвора стагнацијата во раст. Моменталната експанзија на економијата базирана на меури од сапуница кои во секој момент можат да се распрснат, беше искористена од “партиските војници” кои се пуштија во мисија на подобрување на сопствениот животен стандард со примарна цел да се биде поуспешен од нивните претходници. Поради тоа, не беше приметено дека меурите на растот веќе почнаа да напукнуваат во втората половина на 2000 година. Кога на почетокот на оваа година тие се распрснаа пред налетот на безбедносната криза, веќе беше доцна да се надополни пропуштеното преструктуирање на економијата.

На двапати, две различни владини коалиции уживаа во краткорочните позитивни ефекти од синдромот на “Холандска болест”. Меурите предизвикани од “Холандската болест” го зголемија прагот на толеранција за сомнителни, незаконски и неморални економски активности и во самите партии на власт и во јавноста. На долг рок, последиците од двата случаи на “Холандска болест” на македонската економија се катастрофални. После десет години од почетокот на транзицијата, македонската економија сеуште е непреструктуирана и неспособна сама да генерира економски раст.

На крај, се поставува прашањето дали истата болест може да ни се случи по трет пат. Имајќи ја предвид сегашната ситуација мала е веројатноста за такво нешто. Според сите најави, помошта од меѓународната заедница ќе биде недоволна за повторување на ефектите од “Холандската болест”. И тоа може да биде добро. Третата владина коалиција која ќе се формира наредната година нема да има можност за маскирање на ефектите од својата работа. Ефектите, позитивни или негативни ќе бидат јасно почувствувани од населението, а прагот на толеранција за сомнителни економски активности ќе биде значително редуциран. Во такви услови, владата ќе мора да се потпре единствено на умот.